МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# КОНГРЕС НА РЕСПИРАТОРНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Здружение на пулмолози на Република Македонија

# CONGRESS OF RESPIRATORY MEDICINE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

## Society of Pulmonologists of the Republic of Macedonia

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK



ISSN 0025-1097

9 770025 109002

6-9 ОКТОМВРИ OCTOBER 2016 Хотел „Изгрев" - Струга Hotel "Izgrev" - Struga

# 11. ЕФЕКТИ ОД ACTILYSE И HEPARIN КАЈ ПАЦИЕНТИ СО БЕЛОДРОБНА ТРОМБЕМБОЛИЈА

**Милетиќ М.**, Андова В., Груева В., Груева Е., Арсовски З., Ќаева Б.

**Вовед:** Цел на оваа студија беше да се споредат ефектите од терапијата кај пациенти со дијагностицирана пулмонална тромбемболија.

**Методи**:Во студијата беа опфатени вкупно 38 пациенти , кои беа хоспитализирани на Универзитетската Клиника за Кардиологија, во период од март 2008 до март 2010 година. Во студијата беа компарирани ефектите од различните терапевтски пристапи во третирањето на пулмоналната тромбемболија. Во првата група беа опфатени пациентите кои примиле терапија со ив даден Heparin во доза од 30000 IE, а во втората група , пациентите кај кои е даден Actilyse од 50 IE. Пациентите беа дијагностицирани со ЕКГ, РТГ на бели дробови, КТ на бели дробови, ехокардиографија, анализа на Д-Димери и сите пациенти беа анамнестички обработени. Треба да се напомене дека за време на анализирањето на податоците , се забележа промена на терапевтскиот протокол за ординирање на Actilyse , како и различен период од дијагнозата до апликацијата на наведената терапија кај втората група на пациенти.

**Резултати:** Во првата група беа опфатени 18 пациенти кои примиле ив Heparin, а во втората група беа опфатени 19 пациенти кои примиле Actilyse. Треба да се напомене дека двајца од пациентите кои беа анализирани немаат примено терапија и егзитирале кратко време од приемот. Вкупниот морталитет , анализиран кај двете групи изнесува 43%, морталитетот кај првата група изнесува 60 %, а кај втората 40 %. Морталитетот анализиран по возрасни групи изнесува 18.75% за пациентите под 50 години, а кај пациентите над 50 години 81.25%.

**Заклучок:**Правовремено ординираната терапија со Actilyse го подобрува исходот кај пациенти со пулмонална тромбемболија